Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-392/4
30. 03. 2022 год
Новаци

# ЗАПИСНИК

Од одржаната **8-та** Свечена седница на Советот на општина Новаци одржана на ден **30.03.2022** година со почеток во 12,00 часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:
Славица Најдовска-Стојковска, Горан Велјановски, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Наумче Смилевски и Иванчо Котевски.
Советниците Александар Канзуровски и Сузана Јовановска беа отсутни од оправдани причини.

На седницата се присутни Градоначалникот на општина Новаци - Стевче Стевановски и вработените Оливера Димитровска - раководител на оделение, Летка Јовановска - раководител на оделение , Николина Лозановска - соработник за соц. здр.и детска заштита.

## Д н е в е н р е д

1. Отварање на Свечената седница и обраќање на Претседателот на Советот на општина Новаци, Г-ѓа Славица Најдовска - Стојковска.

2. Обраќање на Градоначалникот на општина Новаци, Г-дин Стевче Стевановски

3. Предлог - Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на општина Новаци " 30 Март ".

Од страна на советниците едногласно беше усвоен дневниот ред на Свечената седница.

Пред да почне да се разгледува Дневниот ред, збор зеде советникот Иванчо Котевски кој ги потсети присутните дека на 6-та Седница на Советот на општина Новаци од негова страна беше доставено усно барање до Директорот на ЈПКД "Комунална хигиена-Новаци" да достави список на домаќинства кои имаат заостанат неплатен долг кон ЈПКД "Комунална Хигиена–Новаци". Тој потенцира дека до овој момент Директорот на ЈПКД "Комунална Хигиена–Новаци" нема доставено таков список, па го замоли Градоначалникот Стевче Стевановски да превземи мерки околу добивањето на одговор на неговото барање.

**1 точка: Отварање на Свечената седница и обраќање на Претседателот на Советот на општина Новаци, Г-ѓа Славица Најдовска-Стојковска.**

Претседателот на Советот на општина Новаци, Г-ѓа Славица Најдовска-Стојковска им се обрати на Градоначалникот и присутните честитајќи им го Празникот на општината "30 Март" на Советниците, вработените во општинската администрација и на сите жители на општина Новаци со желби за успешна реализација на проекти кои ќе доведат поголем развој и подобри услови за живот на сите жители на Општина Новаци.

**2 точка: Обраќање на Градоначалникот на општина Новаци, Г-дин Стевче Стевановски**

Градоначалникот на општина Новаци, Г-дин Стевче Стевановски на почетокот од неговото обраќање даде краток осврт од досегашното работење и моменталните проекти во работењето на општина Новаци и накратко ги запозна Советниците за целта и исходот од неодамнешната посета на Делегација на општина Новаци во службена посета на Сакариа

Адапазари, Република Турција. Заблагодарувајќи се на досегашната поддршка и одлична соработка со Советот на општина Новаци, Градоначалникот им посака на присутните многу успешни реализирани проекти кои општина Новаци ќе ја направат лесно препознатлива за странски инвестиции, а со тоа и посакувано место за живеење.

**3 точка: Предлог - Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на општина Новаци"30 Март".**

Советот едногласно донесе Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на општина Новаци "30 Март".

Записничар: Н. Лозановска
Контролирал: С. Ангелевски

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци •